**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-545
06. 12. **2018 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), во врска со член 55 ставови 1 и 5 од истиот Закон, а согласно точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-5101/1 од 23.11.2018 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради непочитување на правилата за пласирање на производи, од страна на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 55 ставови 1 и 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), а казнива по член 148 став 1 точка 9 и став 2 од истиот Закон, на начин што на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 1 ноември 2018 година, во повеќе аудиовизуелни целини со информативна функција емитувани во рамки на програмскиот појас „Отворено студио", недозволено се пласирани производи во сценографијата, а во емисиите со забавна функција „Ексклузив" и „Мода со Сергеј Варошлија", не е јасно означено дека се работи за програми во кои се пласирани производи, и тоа:

- во повеќе аудиовизуелни целини со информативна функција емитувани во рамки на програмскиот појас „Отворено студио", недозволено се пласирани производи во сценографијата, и тоа: во „Отворено студио" – програмски појас, со вкупно времетраење од 14:00:39 до 22:00:47 часот, емитуван под еден заеднички наслов, а составен од различни видови и жанрови ТВ програма, емитувана во периодот од 14:00:00 до 14:31:00 часот, дел од студиската сценографија се шишиња „Пелистерка"; во периодот од 15:48:35 до 16:03:50 часот, дел од студиската сценографија се шишиња „Пелистерка"; во периодот од 16:24:10 до 16:33:00 часот, дел од студиската сценографија се шишиња „Пелистерка"; во периодот од 16:33:00 до 16:38:35 часот, дел од студиската сценографија е шише „Пелистерка" и дел од кадрите во репортажата ја прикажуваат трговската марка на супермаркетот „Тинекс", наведен како донатор на прехрамбени продукти и продукти за хигиена; во „1 минута со 1 ТВ", актуелно-информативна програма, во рамките на програмскиот појас „Отворено студио", емитувана во периодот од 19:33:28 до 19:57:08 часот, дел од студиската сценографија се шишиња „Пелистерка" и во „Отворено студио" – програмски појас, емитувана во периодот од 21:04:00 до 22:00:00 часот, дел од студиската сценографија се шишиња „Пелистерка", што е спротивно на член 55 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- во емисиите „Ексклузив“ и „Мода со Сергеј Варошлија“ со забавна функција во кои е дозволено пласирање производи, не е јасно означено дека се работи за програми во кои има пласирање производи, и тоа: во „Ексклузив“, говорна шоу програма прикажана во рамките на програмскиот појас „Отворено студио“, емитувана во периодот од 18:46:39 до 19:02:38 часот, дел од студиската сценографија се шишиња „Пелистерка“ и во „Мода со Сергеј Варошлија“, забавна програма, прикажана во рамките на програмскиот појас „Отворено студио“, емитувана во периодот од 19:03:33 до 19:30:26 часот, дел од студиската сценографија се шишиња „Пелистерка“, што е спротивно на член 55 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Повредата од точка 1 став 1 алинеја 1 од ова решение е специфицирана по наслов на емисија, период на емитување и опис на прекршување во табелите во точка 1. Пласирање производи во засебни аудиовизуелни целини со информативна функција во Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-5101/1 од 23.11.2018 година, а повредата од точка 1 став 1 алинеја 2 од ова решение е специфицирана по наслов на емисија, период на емитување и опис на прекршување во табелите во точка 2. Пласирање производи во засебни аудиовизуелни целини со забавна функција од напред цитираниот Писмен извештај за извршен програмски надзор.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка – решение за опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 23 ноември 2018 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 1 ноември 2018 година, на државно ниво, при што констатираше прекршување на член 55 ставови 1 и 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Имено, со надзорот констатирано е дека на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 1 ноември 2018 година, во повеќе аудиовизуелни целини со информативна функција емитувани во рамки на

програмскиот појас „Отворено студио“, недозволено се пласирани производи во сценографијата, а во емисиите со забавна функција „Ексклузив“ и „Мода со Сергеј Варошлија“, не е јасно означено дека се работи за програми во кои се пласирани производи, и тоа: во повеќе аудиовизуелни целини со информативна функција емитувани во рамки на програмскиот појас „Отворено студио“, недозволено се пласирани производи во сценографијата, и тоа: во „Отворено студио“ – програмски појас, со вкупно времетраење од 14:00:39 до 22:00:47 часот, емитуван под еден заеднички наслов, а составен од различни видови и жанрови ТВ програма, емитувана во периодот од 14:00:00 до 14:31:00 часот, дел од студиската сценографија се шишиња „Пелистерка“; во периодот од 15:48:35 до 16:03:50 часот, дел од студиската сценографија се шишиња „Пелистерка“; во периодот од 16:24:10 до 16:33:00 часот, дел од студиската сценографија се шишиња „Пелистерка“; во периодот од 16:33:00 до 16:38:35 часот, дел од студиската сценографија е шише „Пелистерка“ и дел од кадрите во репортажата ја прикажуваат трговската марка на супермаркетот „Тинекс“, наведен како донатор на прехрамбени продукти и продукти за хигиена; во „1 минута со 1 ТВ“, актуелно-информативна програма, во рамките на програмскиот појас „Отворено студио“, емитувана во периодот од 19:33:28 до 19:57:08 часот, дел од студиската сценографија се шишиња „Пелистерка“ и во „Отворено студио“ – програмски појас, емитувана во периодот од 21:04:00 до 22:00:00 часот, дел од студиската сценографија се шишиња „Пелистерка“, што е спротивно на член 55 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Повредата е специфицирана во Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-5101/1 од 23.11.2018 година, во точка 1. – Пласирање производи во засебни аудиовизуелни целини со информативна фунцкија.

Исто така, со надзорот е констатирано дека во емисиите „Ексклузив“ и „Мода со Сергеј Варошлија“ со забавна функција во кои е дозволено пласирање производи, не е јасно означено дека се работи за програми во кои има пласирање производи, и тоа: во „Ексклузив“, говорна шоу програма прикажана во рамките на програмскиот појас „Отворено студио“, емитувана во периодот од 18:46:39 до 19:02:38 часот, дел од студиската сценографија се шишиња „Пелистерка“ и во „Мода со Сергеј Варошлија“, забавна програма, прикажана во рамките на програмскиот појас „Отворено студио“, емитувана во периодот од 19:03:33 до 19:30:26 часот, дел од студиската сценографија се шишиња „Пелистерка“, што е спротивно на член 55 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Повредата од точка 1 став 1 алинеја 1 од ова решение е специфицирана по наслов на емисија, период на емитување и опис на прекршување во табелите во точка 1. Пласирање производи во засебни аудиовизуелни целини со информативна функција во Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-5101/1 од 23.11.2018 година, а повредата од точка 1 став 1 алинеја 2 од ова решение е специфицирана по наслов на емисија, период на емитување и опис на прекршување во табелите во точка 2. Пласирање производи во засебни аудиовизуелни целини со забавна функција од наппред цитираниот Писмен извештај за извршен програмски надзор.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во врска со член 55 ставови 1 и 5 од истиот Закон, а согласно точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-5101/1 од 23.11.2018 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение со кое се опоменува Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје и му се наложува во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за

поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5101/1 од 23.11.2018 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на членот 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 23-11.2018

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 10 | 5101 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. Вид надзор: Редовен;

2. Субјект на надзорот: Телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија 1 ТВ ДООЕЛ Скопје;

3. Период опфатен со надзорот: 1 ноември 2018 година;

4. Датум на извршување на надзорот: 23 ноември 2018 година;

5. Предмет на надзорот:

   - Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);

   - Правилник за заштита на малолетните лица („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);

   - Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);

   - Упатство за примена на одредбите за пласирање производи („Службен весник на Република Македонија" бр.201/14);

   - Правилник за спонзорство („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/15);

   - Правилник за нови рекламни техники („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);

   - Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);

   - Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);

- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);
- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа);

6. **Претходно изречена мерка:** Нема;

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 1 ноември 2018 година, на државно ниво, **констатирани се прекршувања на член 55 став 1** *(забрана за пласирање производи)* **и став 5** (*јасно означување програма со пласирани производи*) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ).

Имено, во повеќе аудиовизуелни целини со информативна функција емитувани во рамки на програмскиот појас „Отворено студио", на 1 ноември 2018 година, **спротивно на член 55 став 1 од ЗААВМУ**, а во согласност со точка 30 од „Упатството за пласирање производи", дел од студиската сценографија се шишиња од водата „Пелистерка", а во социјалната репортажа емитувана со почеток од 16 часот и 33 минути, дел од кадрите ја прикажуваат трговската марка на супермаркетот „Тинекс", наведен како донатор на прехрамбени продукти и продукти за хигиена (види табели под точка 1 - Пласирање производи во засебни аудиовизуелни целини со информативна функција).

Додека пак, **спротивно на член 55 став 5 од ЗААВМУ** во емисиите „Ексклузив" и „Мода со Сергеј Варошлија" со забавна функција, во кои е дозволено пласирање производи, и во кои исто така, дел од студиската сценографија се шишиња од водата „Пелистерка", не е јасно означено дека се работи за програми во кои има пласирање производи (види табели под точка 2 - Пласирање производи во засебни аудиовизуелни целини со забавна функција).

1. Пласирање производи во засебни аудиовизуелни целини со информативна функција

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитување** | | **Опис на прекршувањето** |
|---|---|---|---|
| | **почеток** | **крај** | |
| „*Отворено студио*" – програмски појас, со вкупно времетраење<br><br>од -14:00:39<br>до - 22:00:47 часот<br><br>емитуван под еден заеднички наслов, а составен од различни видови и жанрови ТВ- | 14:00:00 | 14:31:00 | *Спротивно на членот 55, став 1 од ЗААВМУ, а во согласност со точката 30 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи, во наведениот период се емитувани аудиовизуелни целини со информативна функција, во кои е забрането пласирање производи (репризирано интервју со – Рената Дескоска, министерка за правда на Република Македонија; - премиерно интервју со Маргарита Арсова, координаторка на филмскиот фестивал „Синедејс");* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| програма; | | | *- дел од студиската сценографија се шишиња „Пелистерка";* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| „***<u>Отворено студио</u>***" – - програмски појас - | 15:48:35 | 16:03:50 | *Спротивно на членот 55, став 1 од ЗААВМУ, а во согласност со точката 30 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи, во наведениот период е емитувана аудиовизуелна целина со информативна функција, во која е забрането пласирање производи (интервју со Игор Јакимовски, атлетичар);* <br><br> *- дел од студиската сценографија е шише „Пелистерка";* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| „***<u>Отворено студио</u>***" – - програмски појас - | 16:24:10 | 16:33:00 | *Спротивно на членот 55, став 1 од ЗААВМУ, а во согласност со точката 30 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи, во наведениот период е емитувана аудиовизуелна целина со информативна функција, во која е забрането пласирање производи (интервју со Јован Петровски, професор по моден дизајн);* <br><br> *- дел од студиската сценографија е шише „Пелистерка";* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| „***<u>Отворено студио</u>***" – - програмски појас - | 16:33:00 | 16:38:35 | *Спротивно на членот 55, став 1 од ЗААВМУ, а во согласност со точката 30 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи, во наведениот период е емитувана аудиовизуелна целина со информативна функција (социјална репортажа), во која е забрането пласирање производи;* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | - *дел од студиската сценографија е шише „Пелистерка";*<br><br>- *дел од кадрите во репортажата ја прикажуваат трговската марка на супермаркетот „Тинекс", наведен како донатор на прехрамбени продукти и продукти за хигиена;* |

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| „*1 минута со 1 ТВ*", актуелно-информативна програма;<br>- во рамките на програмскиот појас „Отворено студио"; | 19:33:28 | 19:57:08 | *Спротивно на членот 55, став 1 од ЗААВМУ, а во согласност со точката 30 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи, во наведениот период е емитувана аудиовизуелна целина со информативна функција (вид: актуелно-информативна, контактна);*<br><br>- *дел од студиската сценографија е шише „Пелистерка";* |

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| „*Отворено студио*" – програмски појас - | 21:04:00 | 22:00:00 | *Спротивно на членот 55, став 1 од ЗААВМУ, а во согласност со точката 30 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи, во наведениот период е емитувана аудиовизуелна целина со информативна функција (актуелно-информативна со документаристички пристап);*<br><br>- *дел од студиската сценографија се шишиња „Пелистерка";* |

2. Пласирање производи во засебни аудиовизуелни целини со забавна функција

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| „*Ексклузив*", говорна шоу програма;<br><br>- прикажана во рамките на | 18:46:39 | 19:02:38 | *Спротивно на членот 55, став 5 од ЗААВМУ, засебната говорна-шоу програма со забавна програмска функција, содржи пласирани производи во дел од сценографијата, но емисијата не е соодветно обележана со знакот за -* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| програмскиот појас „Отворено студио“; | | | *„програма во која се пласирани производи“;*<br><br>*- дел од студиската сценографија се шишиња „Пелистерка“;* |

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| „*Мода со Сергеј Варошлија*“, забавна програма;<br><br>- прикажана во рамките на програмскиот појас „Отворено студио“; | 19:03:33 | 19:30:26 | *Спротивно на членот 55, став 5 од ЗААВМУ, засебната забавна емисија со забавна програмска функција, содржи пласирани производи во дел од сценографијата, но емисијата не е соодветно обележана со знакот за - „програма во која се пласирани производи“;*<br><br>*- дел од студиската сценографија е шише „Пелистерка“;* |

Стриктно, на основно правно рамниште читан, член 55 став 1 од ЗААВМУ операционализиран во точка 30 од „*Упатството за пласирање производи*“ – забранува пласирање производи и во информативно-забавни и во забавно-информативни програми, што, описно речено, значи и во - долготрајни, повеќечасовни програмски појаси - утринска, пладневна или ноќна програма, бидејќи тие се сметаат за колажен состав од аудиовизуелни целини различни по вид и по (новинарски / драматуршки) жанр, а се емитуваат под еден заеднички наслов.

Но, за да не се спречуваат комерцијалните можности за „пласирање производи“ во одредени делови од ваков вид програмски појаси, практиката произлезена од Упатството (усвоено во 2014 г.) е – деловите од програмскиот појас што имаат - забавна функција (*на пример: емисии за кулинарство, говорни-шоу програми, и други, слични видови забавна програма*), да бидат контекстуално – режисерски и сценографски - одделени со најавна и со одјавна шпица, сосе импресум на реализаторската екипа, и - видливо и соодветно означени со знакот за - „*програма во која се пласирани производи*“.

Деловите, пак, од целината на програмскиот појас емитуван под еден ист наслов, што имаат информативна функција (*на пример: по содржина и по новинарски пристап актуелно-информативни / со документаристички пристап*), можат да ги користат техниките за рекламирање на поделен екран, но во сценографијата не смеат да (вклопуваат) пласираат производи.

Овие услови се дел од аналитичката постапка на мониторингот на Агенцијата, па оттаму, следниве забелешки за програмскиот појас насловен - „Отворено студио“:

- Режисерски, програмскиот појас насловен „Отворено студио“ (премиерно во работните денови со вообичаено времетраење од 14/16 часот до 23 часот), осмислен е преку пет (релативно) различни сценографски решенија:

  - 1) општа сценографија за целиот програмски појас „Отворено студио“;
  - 2) сценографија за вести/ТВ дневник;

- 3) сценографија за актуелно-информативната (контактна) емисија – „1 минута на 1 ТВ";
- 4) сценографија за забавната емисија - „Мода со Сергеј Варошлија";
- 5) сценографија за говорното-шоу - „Ексклузив".

Другите, засебни аудиовизуелни целини (новинарски прилози / емисии), што влегуваат во составот на „Отворено студио", а според „*Упатството за класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми*" се класификуваат како – програми со забавна функиција, односно, по жанр - *играна програма (филм/серија); забавно-документарна програма (кулинарство); говорно-шоу, и квиз / игра со наградно учествување* -, тие се од надворешна продукција, односно – програма по нарачка на радиодифузерот, така што нивната сценографија не е поврзана со посочените, оригинални сценографски решенија за програмскиот појас - „Отворено студио".

Општо земено, и режисерски и уредувачки, комуникацијата меѓу горенаведените засебни делови што се снимаат во едно исто студио, но со различна, адаптирана / контекстуализирана сценографија, понекогаш е изведена со – груби монтажни резови, а понекогаш – или со визуелен „претоп", или со – најава, вербално надоврзување меѓу деловите, направена меѓу т.н. – „водител на денот" и „водител на засебен дел" од отворената програма / студио, или, пак – со линк / врска со прилозите што се реализираат вон студиото, а се емитуваат во живо.

Во делот на аудиовизуелните комерцијални комуникации (реклами и телешопинг), ретки се монтажните резови за одвоени рекламни блокови, а честа е применатата - (динамично) рекламирање на поделен екран. Начинот на снимање, пак, на аудиовизуелните целини контекстуализирани во адаптираната оригинална сценографија за „Отвореното студио", претставува комбинација од – средни и средно крупни планови, без (интенционални) детали (фокус) врз делови од сценографијата (на пример: визуелно, нема детали / многу крупни планови на снимање одреден брендиран производ).

Имајќи ги предвид сите аспекти на аудиовизуелната анализа, а со правна предлошка во член 55 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, чија примена е појаснета во Упатството за пласирање производи, треба да се предочи следново:

- *<u>1)</u> доколку во сценографиите контекстуализирани за деловите со забавна функција се појавуваат брендирани производи, тогаш тие делови (аудиовизуелни целини / емисии) треба да се одделат со најавна и со одјавна шпица, означена со знакот за - „програма во која се пласирани производи";*

- *<u>2)</u> поради континуирана сценографска присутност брендирани производи (на пример – шишиња „Пелистерка") низ долготрајното емитување на програмскиот појас насловен „Отворено студио", а посебно во деловите со информативна функција (на пример: новинарски целини актуелно-информативна програма / со документаристички пристап, содржински поврзани со актуелни / актуелизирани општествено-политички теми) - брендираните производи не смеат да бидат дел од сценографијата, оти таквата постапка законски може да се смета за забрането прикриено рекламирање, односно за недозволено спонзорско влијание врз уредувачката политика на емисии (аудиовизуелни целини) со информативна функција, чија тема/содржина е од поширок јавен интерес.*

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 55 ставови 1 и 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 1 ноември 2018 година, во повеќе аудиовизуелни целини со информативна функција емитувани во рамки на програмскиот појас „Отворено студио", недозволено се пласирани производи во сценографијата, а во емисиите со забавна функција „Ексклузив" и „Мода со Сергеј Варошлија", не е јасно означено дека се работи за програми во кои се пласирани производи.

9. **Предлог мерка:**

Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене трговското радиодифузно друштво Телевизија 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена по приемот на решението за преземање мерка опомена да го усогласи своето работење со одредбите од членот 55 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***